Зад секоја успешна компанија стои силен тим. ФМС ДООЕЛ претставува млада компанија со просперитетен тим кој професионално пристапува и одговара на сите предизвици.
Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел – да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост. Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.
Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании – дојдете и придружете ни се уште денес!
ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

## СУПЕРВИЗОР НА ХИГИЕНА

**Потребни квалификации:**

- Вештини за управување со вработени,
- Комуникациски и организациски способности,
- Способност за проценка на обемот на работни активности,
- Високо ниво на доверливост,
- Спремност на теренска работа,
- Познавање на работа со машини за одржување на хигиена,
- Познавање на MS Office,
- Возачка дозвола Б категорија,
- Познавање на материјалите и средствата за работа,

**Опис на работата:**

- Супервизор на хигиена е одговорен за квалитет и организација на одржување хигиена во деловните објекти,
- Одговорен за изработка, организирање и извршување на плановите за одржување на хигиената во станбени и деловни објекти,
- Организација на распоред на вработените,
- Координација на работите и постојана комуникација со вработените,
- Водење евиденција на работењето на вработените во сектор хигиена,
- Комуникација со клиентите и решавање на настанати проблеми со станбените и деловните објекти,
- Надзор и корекција на обврските на интервентни тимови за работа и хигиеничари,
- Евиденција и набавка на средства за работа и опрема за работа,
- Контрола на одржување на машините за одржување на хигиена,

**Што нудиме:**

- мотивирачка атмосфера и плата по договор,
- полно работно време од понеделник-сабота во две смени,
- колективно осигурување од несреќа,
- платени дополнителни часови,

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) и мотивационо писмо на следната **email адреса: jobs@fms.com.mk**, со задолжителна назнака на апликацијата **СУПЕРВИЗОР НА ХИГИЕНА.**
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.